# ANTINATODONIA

На почетокот на април ќе се одржи 19-тиот самит на НАТО во Букурешт, Романија. Македонија ќе ја добие поканата за стапување во сојузот, и со тој чин ќе се оконча долгогодишната државна политика на јасно и недвосмислено заложување за влез во истоимениот сојуз, која е инаугурирана уште во 1993-тата, кога Република Македонија усвоила резолуција за пристапување кон НАТО.

На многу од испитувањата на јавното мислење, оваа државна политика наидуваше на одобрување. Единствениот момент на двоумење е, за жал, само засегнатоста на чувствата поради племенскиот спор со соседна Грција околу симболите и историските права и наследства. Се чини, пропагандната машинерија доста успешно ја заврши работата и сиве овие години откако влезот во НАТО е прокламиран како "национален интерес" или "државен интерес", сеедно, речиси и да немаше обиди за критичко преиспитување и деконструирање на целата апологетска реторика која беше наметната од центрите на моќ, базирана на заплашување, шпекулации и пласирање невистини.

**Планирани анти-НАТО акции во Скопје:**

*28 март, петок, 20.00*
*културен центар Точка*
**филм и трибина**

*29 март, сабота, 13.00*
*рута: Дом на АРМ - Плоштад Македонија*
**инфо протест**

*2 април, среда, 13.00*
*рута: Влада - Собрание - Дом на АРМ*
**протест**

**"Членството на Република Македонија во НАТО ќе значи долгорочна стабилност и безбедност не само за Балканот, туку и за Евро-атлантскиот регион во целина и почеток на финализацијата на концептот за Европа, целовита, слободна и во мир."**

- цитат од сајтот на Министерството за Надворешни Работи на РМ, дел "Цели и приоритети на надворешната политика"

**"Република Македонија гледа на НАТО како на еден од клучните столбови на модерната европска безбедносна архитектура. [...] Република Македонија своето членство во НАТО го смета како трајна обврска.**

**За тоа во државата постои широк политички и општествен консензус."**

- цитат од сајтот на Министерството за Одбрана на РМ, дел "Република Македонија




Целта на овој памфлет е да ги предизвика главните тези кои ги изнесуваат претставниците на државата, преку кои ги изразени мотивите и интересите на Македонија за членство во НАТО.

## НАТО НЕ Е САМО УШТЕ ЕДНА МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА СЕ ГРИЖИ ЗА ОПШТОТО ДОБРО

НАТО всушност, е **воен сојуз**, кој што е оформен за време на Студената Војна, кој што има за цел да го прошири влијанието на САД низ Европа и да го замрзне продорот на СССР кон централниот и јужниот дел на континентот. Неговата основна цел е заплашување на СССР, но и подготовка за евентуален вооружен конфликт.

Самиот основачки договор во себе содржи клучна одредба (во членот 5) која нагласува дека доколку една од државите сојузнички биде нападната од надворешен непријател, нападот ќе биде сметан како напад на целиот сојуз. Тоа значи дека при било каков судир на земја член на НАТО со надворешен непријател, без исклучок тоа значи влегување во војна на сите земји сојузнички, и ставање на располагање на сите средства во име на таа војна.

Своевремено, НАТО значел дека при евентуален напад врз некоја од земјите на НАТО од страна на СССР, САД имале обврска да влезат во војна за да ги заштитат своите сојузници. Тоа исто така значело дека доколку САД бидат нападнати од СССР, европските сојузници се обврзани да влезат во војна на страната на САД.

Денес, обврските за вклучување во војна се надополнети и со обврски на стандардизација, кои воглавно се однесуваат на вооружувањето (процес преку кој профитираат магнатите на оружната индустрија).

## НАТО НЕ ГАРАНТИРА БЕЗБЕДНОСТ

НАТО гарантира воен одговор на евентуален напад, а не безбедност. Од самите “критериуми” кои што државите кандидати мора да ги исполнат за да бидат примени во сојузот, и од тоа што еден од нив е и “земјата да е безбедна”, значи дека всушност безбедноста е оставена на самата поединечна држава, односно дека државата првенствено треба да биде (утврдено дека е) безбедна, а стапувањето во сојуз следи подоцна.

Значи, безбедноста, како и секогаш, е оставена на самата држава (што всушност е и нејзина основна задача која што самата си ја поставила со Уставот).

НАТО единствено може да ја загрози безбедноста на државите членки на тој начин што тотално мирна земја може да биде втерана во воена акција (или мисија), на база на обврските на сојузништвото.

## НАТО НЕМА ДА МРДНЕ НИ СО МАЛ ПРСТ ДОКОЛКУ ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ПОВТОРАТ НАСТАНИТЕ ОД 2001 ИЛИ СЕ СЛУЧАТ БИЛО КАКВИ ВНАТРЕШНИ КОНФЛИКТИ И ПОТРЕСИ

Една од најчесто повторуваните флоскули е дека стравот од нови внатрешни вооружени судири е еден од главните мотиви за стапување на Македонија во НАТО.

Сепак, НАТО сојузништвото како повод за интервенција претполага напад од страна на надворешен непријател, согласно со определните принципи на военото право и обичаи (или моменталните интереси, ако веќе нема повод). Внатрешен судир во било која земја членка не ги засега останатите сојузници. Практични примери за ова се постојаните конфликти и тензии кои ги имаат земји основачки на НАТО како Британија и Франција со сепаратистичките терористички организации како ИРА и Корзиканскиот ослободителен фронт, или Турција и Шпанија со ППК односно ЕТА. НАТО не гарантира ниту внатрешна стабилност - членката на НАТО Грција беше под повеќегодишна воена хунта, а и’ на земјата во која е и самото седиште на НАТО - Белгија, загрозен и’ е “територијалниот интегритет”.

## ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НАТО НЕ ЗНАЧИ И ПОБРЗО ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЕУ

Во јавноста непрестајно се пласира ноторната невистина дека членството во НАТО е услов да се зачлениме во Европската Унија. На тој начин се злоупотребува поддршката на јавноста за влез во Европската Унија за да се добие поддршка за влез во НАТО.

Наспроти оваа ноторна невистина, никаде, во ниту еден документ на ЕУ не пишува дека една земја мора прво да се зачлени во НАТО, па дури потоа да биде примена во ЕУ. Уште повеќе, има бројни примери кои го демонстрираат спротивното. Во 2004 година, при последното проширување на ЕУ, Малта и Кипар влегоа во ЕУ, без да бидат членки на НАТО. При претходното проширување во 1995 година, сите три новопримени држави, Австрија, Финска и Шведска, влегоа во ЕУ, а не беа членки на НАТО. Покрај овие земји и Ирска е примена во ЕУ без претходно, а ниту сега да е членка на НАТО. Од друга страна, Турција од 1952 година е членка на НАТО, а сепак до ден денес не станала членка на ЕУ. Треба ли уште докази за да ја побиеме оваа очигледна лага?

## НАТО И ТУТОРСТВОТО НА НЕГОВИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ЗНАЧАТ НАМАЛЕН СУВЕРЕНИТЕТ И УШТЕ ПОГОЛЕМ ЈАЗ ПОМЕЃУ ВЛАДЕАЧИТЕ И ВЛАДЕАНИТЕ

Наспроти тезата дека членството во НАТО ќе помогне за зачувување на суверенитетот на РМ, самата пракса покажува дека “НАТО интеграцијата” е пропратена со процес на делегирање на суверенитетот и авторитарно однесување при кое “демократската власт” не се води од интересите на демосот кој што ги избрал, туку од она што го наложуваат велможите од странство.

Крајниот ефект за населението е дека одлуките и праксата кои ќе следат по зачленувањето во НАТО, во голема мера ќе бидат диктат од страна на еден центар на моќ, наместо да бидат носени во согласност со интересите, и особено важно, потребите на обичниот граѓанин.

## НАТО НЕМА ДА И’ ДОНЕСЕ ПОЧИТ НА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА НЕКОЈ СИ “ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ”

## ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НАТО НЕМА ДА ДОНЕСЕ БЕНЕФИТ ЗА ГРАЃАНИТЕ И УШТЕ ТОЛКУ ЌЕ ВЛИЈАЕ НА НЕОКОЛОНИЈАЛИЗАЦИЈАТА И НЕНАМЕНСКОТО ТРОШЕЊЕ НА ДАНОЦИТЕ

Ако сте трговец на берза, можете да ги триете рацете - цените на акциите ќе скокнат откако Македонија ќе добие покана за пристапување кон НАТО, а уште повеќе кога ќе стане полноправна членка.

Ако верувате дека странските инвестиции и обртите кои ги остваруваат корпорациите на сметка на потта на работниците, навистина значат дека вашиот живот станува поквалитетен, радувајте се - НАТО значи повеќе странски инвестиции и поголем обрт на капитал.

Но, всушност, поголемиот дел од граѓаните единствено ќе ги почувствуваат натамошното пропаѓање на здравството и школството, распаѓањето на инфраструктурата, бидејќи уште поголем дел од даноците што сите ги плаќаме (со секоја фискална сметка итн) ќе се издвојува за војска, тенкови, оружја и сл., наместо за претходно споменативе области.

Во определена мера, присутна е и тезата дека конечно Македонија ќе влезе во сојуз со “големи и силни земји” со што ќе се зацврсти нејзината положба на меѓународно ниво. Ова тврдење е тотално некритичко, и веднаш може да се побие со 2 претпоставки:

Прво, што е со образот ако историјата по определен период го смести НАТО рамо до рамо со Третиот Рајх (злосторник) или со Варшавскиот Пакт (пропаднат проект)? Второ, дали ономастичките игри и лицитации и патетичните самопотврдувања на идентитетот се пат кој мора да се изоди до истата таа “почит”?

## БОМБАРДИРАЊЕТО НА СР ЈУГОСЛАВИЈА И УРАНИУМОТ

Можеби главниот аргумент против НАТО се операциите во 1999-тата против СР Југославија и во 2001-та во Авганистан, кои претставуваа кршење на меѓународното право и погазување на цивилизираноста и прокламираниот принцип на “мирно решавање на конфликтите”.

Би се осврнале повеќе на операцијата “Здружена сила” која се случуваше во нашето непосредно соседство: НАТО 11 недели ја бомбардираше територијата на СРЈ, со цел да се прекинат воените судири на Косово, при што животот го загубија стотици цивили, а беше нанесена огромна материјална штета. Освен воените упоришта беа бомбардирани водоводи, струјоводи, како и болници и други цивилни објекти. Со акцијата, НАТО го прекрши сопствениот основачки договор кој не предвидува напад, туку исклучиво одбрана (член 4), повеќекратно ја прекрши Декларацијата на ООН од аспект на неодобрената воена интервенција, и ја прекрши Виенската Конвенција со тоа што ги изнуди натамошните договори со Југословенската страна.

НАТО за време на оваа кампања, употреби бомби со осиромашен ураниум кои влијаеа на зголемување на нивото на радијација во местата каде беа исфрлени. За продолжените ефекти зборуваат малигните заболувања кај лица кои минале подолг временски период на тие места. Дополнителна деградација на екосистемот беше и бомбардирањето на хемиска фабрика во Панчево од што во воздухот, почвата и водата се ослободија високотоксични супстанци. Високотоксични супстанци се и маслата што се употребуваат во трафостаници од електродистрибутивната мрежа, кои исто така беа НАТО цел.  Беа употребувани и касетни бомби, забранети со меѓународни договори.

## НАТО ВСУШНОСТ ЌЕ ЈА НАМАЛИ НАШАТА БЕЗБЕДНОСТ

Ако се земат предвид сите релевантни факти и реал-политичките игри, ќе се дојде до заклучокот дека е само празна надеж дека НАТО може и сака да не’ заштити од онаа воена опасност која најмногу ни се заканува – евентуална граѓанска војна. Од друга страна, преку учество во окупацијата на Ирак и Авганистан, кои директно или индиректно се поврзани со НАТО и нејзините водечки држави членки, ние стануваме мета на евентуално терористичко возвраќање на секому кому му пречи нашето учество во окупирањето на Ирак и Авганистан. Поради тоа, следењето на политиката на НАТО и учеството на нашите војници во војни што не се наши, против луѓе што ништо не ни згрешиле, непотребно не’ изложува на безбедносни ризици, наместо да ја зголемува нашата безбедност.
Безбедноста на Македонија се загрозува, а не се брани во Ирак и Авганистан.

## НЕМАМЕ “ОПШТЕСТВЕН КОНСЕНСУЗ”, И ТОА МОРА ДА ГО ДЕМОНСТРИРАМЕ

Акциите кои одвреме навреме се организираат сведочат дека иако мала по број, сепак постои одредена критична маса која се противи на преовладувачката про НАТО политика.

Многу помасовни анти - НАТО движења низ Европа не успеаја да издејствуваат запирање на процесот на проширување на сојузот.

Сепак, борбата никогаш не прекинува, особено кога со политики како што е “НАТО интеграцијата” се промовираат вредности на милитаризам, империјализам и неоколонизација преку реторика на застрашување и залажување. Затоа треба да се смогнат сили и да се дејствува што поскоро - а она што е единствена остварлива цел и шанса, е гласно изразување на ставот против стапувањето на земјава во сојузот. Граѓанските акции се еден од начините. Но, она на што треба да се цели е повикување на референдум, бидејќи и согласно Уставот на РМ според кој државата би требало да се раководи, стапување во воен сојуз е одлука која исклучиво се носи со непосредно одлучување на граѓаните. Властите немаат право да го истуркаат процесот без консултација со граѓаните. Затоа, треба да се мобилизираме, да го издејствуваме референдумот, и во што поголем број да кажеме “НЕ”, и со тоа да се стави на знаење дека постојат луѓе кои што не веруваат во оружје и “безбедност” ниту во било која од шарените лаги на елитите! Да живее слободата!